**ПРАВИЛНИК**
**за Комитет за Родова Еднаквост**
на Тениската Федерација на С.Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува основањето, надлежностите, составот, начинот на работа и одговорностите на Комитетот за Родова Еднаквост (во понатамошниот текст: Комитетот) во рамки на Тениската Федерација на С.Македонија (во понатамошен текст: федерацијата).

**Член 2**

Комитетот работи согласно:
- политиката за родова еднаквост на федерацијата;
- принципите на родова еднаквост и недискриминација;
- правилата и препораките на Меѓународната тениска федерација (ITF);
- статутот, правилниците и етичките кодекси на федерацијата;
- релевантното национално и меѓународно законодавство, вклучително и законите и подзаконските акти на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Комитетот е советодавно и иницијативно тело и нема извршни овластувања, освен ако поинаку не е утврдено со одлука на Управниот одбор.

## II. ЦЕЛИ И НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 4**

Целите на Комитетот се:
1. Унапредување на родовата еднаквост во сите сегменти на тенисот;
2. Обезбедување еднакви можности за жени и мажи во спортските, управувачките и административните структури;
3. Спречување на дискриминација, вознемирување и насилство врз родова основа;
4. Усогласување на политиките на Федерацијата со ITF стандардите.

**Член 5**

Комитетот ги има следните надлежности:
- ја следи примената на Политиката за родова еднаквост на федерацијата;
- предлага мерки за нејзино унапредување, иницира измени;
- предлага политики, стратегии и акциски планови за родова еднаквост;
- дава мислења и препораки до Управниот одбор;
- следи примена на принципите на родова еднаквост;
- спроведува разни проекти и активности за родова еднаквост;
- иницира едукативни програми, обуки и кампањи;

- соработува со други комисии, клубови и надворешни организации;
- подготвува годишни извештаи за својата работа.

## III. СОСТАВ И ИМЕНУВАЊЕ

**Член 6**

Комитетот се состои од 3 до 5 членови, именувани со Одлука на Управниот одбор на федерацијата.

## IV. НАЧИН НА РАБОТА

**Член 7**

Комитетот одржува редовни состаноци најмалку двапати годишно, а по потреба и вонредни состаноци.

**Член 8**

Состаноците може да се одржуваат физички или онлајн.

## V. ОДГОВОРНОСТ И ИЗВЕШТАЈ

**Член 9**

Комитетот е одговорен пред Управниот одбор на Федерацијата согласно актуелната Организациона Шема на федерацијата.

**Член 10**

Комитетот подготвува годишен извештај кој содржи:

- реализирани активности;
- проценка на состојбата со родовата еднаквост;
- препораки за наредниот период.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото усвојување од страна на Управниот одбор.

**Член 12**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат по иста постапка како и неговото донесување.

Скопје, 05.03.2026 година

Тениска Федерација на С.Македонија
Александар Ивановски, Претседател на УО